# Г Р А Д   С К О П Ј Е

Согласно Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита, во град Скопје за 2023 година (“Службен гласник на Град Скопје“ бр. 18/22) и Правилникот за субвенционирање на граѓани од социјално ранливи категории, жители на градот Скопје за купување на еколошки превозни средства велосипеди и електрични тротинети, Град Скопје објавува

## ЈАВЕН ПОВИК
## ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИ ОД СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ, ЖИТЕЛИ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ, ЗА КУПУВАЊЕ НА ЕКОЛОШКИ ПРЕВОЗНИ СРЕДСТВА ВЕЛОСИПЕДИ И ЕЛЕКТРИЧНИ ТРОТИНЕТИ

### 1. ЦЕЛ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

1.1. Целта на јавниот повик е остварување социјална грижа и заштита на граѓаните од социјално ранливи категории, жители на градот Скопје, преку нивно стимулирање за користење велосипеди и електрични тротинети, а во насока на подобрување на квалитетот на нивното живеење. Во таа насока, Град Скопје превзема активности за зголемување на нивото на здравствена и социјална едукација, подигање на јавната свест и подобрување на информираноста на граѓаните за социјално осетливи прашања. Промовира здрави стилови на живеење и подигнување на јавната свест и здравствената култура со цел намалување на опасностите и здравствените проблеми кај граѓаните.
1.2. Јавниот повик ќе трае од денот на објавувањето 12.04.2023 до 26.04.2023 година(15 календарски денови) или до исцрпување на предвидените средства од Буџетот на Град Скопје за оваа намена.
1.3. Средствата што Град Скопје ќе ги субвенционира се во износ од 100% од вредноста на еден велосипед, но не повеќе од 11.000,00 денари по лице, со вклучен данок на личен доход и за електричен тротинет не повеќе од 15.000 денари по лице, со вклучен данок на личен доход.
1.4. Пристигнатите барања во Архивата на Град Скопје ќе бидат евидентирани со точно време на поднесување (датум, час и минута) и истите ќе бидат разгледувани според датумот и времето на пристигнувањето и ќе важи правилото прв дојден прв услужен.

### 2. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Право на учество на јавниот повик имаат граѓаните од социјално ранливи категории - жители на градот Скопје (во општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари), кои ќе купат нов велосипед или електричен тротинет од Република Северна Македонија од 01.01 до 26.04 во тековната година, кои ги исполнуваат условите согласно точка 3 од Јавниот повик и ја доставиле потребната документација.

### 3. УСЛОВИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ БАРАТЕЛОТ

Барателот треба да ги исполни следниве услови:

- да е жител на градот Скопје (во општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари);
- барателот да припаѓа на социјално ранлива категорија на граѓани (невработени лица, вработени лица чии месечни примања не го надминуваат износот на минимална плата и пензионери со минимална пензија до 15.000 ден);
- да нема искористено субвенција за купување на велосипед или електричен тротинет од Град Скопје;
- новиот велосипед или електричен тротинет да е купен во Република Северна Македонија од 01.01. до 26.04 во тековната година.

## 4. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

4.1. За надоместување на трошокот и докажување дека условите за учество на јавниот повик се исполнети, барателот е должен да ја поднесе следната документација:

- пополнето барање за субвенција за купување на еден велосипед или електричен тротинет (барањето ќе биде објавено на интернет страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk).
- нотарски заверена изјава дека барателот е согласен неговите лични податоци да се користат исклучиво за ова субвенционирање, дека барателот е жител на градот Скопје и дека досега нема искористено субвенција за велосипед или електричен тротинет од Град Скопје (изјавата за барател, ќе биде објавена на интернет страницата на Град Скопје: www.skopje.gov.mk).
- копија од предната страна на трансакциска сметка (исклучиво лична на барателот, не ополномоштена од трето лице).
- доказ дека е извршено купување на еден нов велосипед или електричен тротинет и тоа со приложување на оригинал фискална сметка издадена во Република Северна Македонија, со датум од 01.01. до 26.04 во тековната година година до исцрпување на Буџетот наменет за јавниот повик, при што задолжително е велосипедот или електричниот тротинет да е целосно отплатен (плаќањето на рати не се прифаќа);
- Потврда дека барателот е: невработено лице, вработено лице чии месечни примања не го надминуваат износот на минимална плата и пензионер со минимална пензија до 15.000 ден.

4.2. Едно лице може само еднаш да поднесе барање за добивање на субвенција за купување на еден велосипед или електричен тротинет.
4.3. Потребната документација, барателите ја поднесуваат до Комисијата преку Архивата на Град Скопје (барака 16) во затворен плик со назнака: До Сектор за јавни дејности – Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на граѓани од социјално ранливи категории, жители на градот Скопје, за купување на еколошки превозни средства велосипеди и електрични тротинети, секој работен ден од понеделник до петок, во период од 09:00 – 15:00 часот.

## 5. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

5.1. За спроведување на јавниот повик Градоначалникот формира Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на граѓани од социјално ранливи

категории, жители на градот Скопје, за купување на еколошки превозни средства велосипеди и електрични тротинети (во понатамошниот текст: Комисија)
5.2. Комисијата од точка 5.1 има задача, да ја спроведе постапката, да го утврди исполнувањето на условите и да достави предлог до Градоначалник за усвојување на барањата на оние баратели кои ги исполнуваат условите.
5.3. Град Скопје, во зависност од динамиката на пристигнување на барањата, периодично ќе ја известува јавноста за преостанатите средства, се до нивно целосно искористување.
5.4. Исплатата на средствата ќе се врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања, се до исцрпување на предвидените средства од Буџетот на Град Скопје за оваа намена.
5.5. Кога ќе бидат исцрпени предвидените средства, Град Скопје ќе го објави завршувањето на јавниот повик преку својата веб страница.

## 6. НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СУБВЕНЦИЈА

6.1. Градоначалникот на Град Скопје по предлог на Комисијата во рок од 15 дена од денот на доставување на предлогот донесува Решение за доделување на финансиски средства.
6.2. Комисијата ги известува барателите чии барања се отфрлени како некомплтни, ненавремени и кои не ги исполнуваат условите согласно точка 3 од јавниот повик.

**ГРАД СКОПЈЕ**